Врз основа на член 58 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, согласно член 383 точка 7 од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16 и 30/16), во согласност со член 2 точка 44 од Закон за хартии од вредност (Службен весник на РМ 95/05, 25/07, 86/07, 123/07, 140/07, 146/07, 7/08, 45/09, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16), Правилникот за формата и содржина на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност (Службен весник на РМ бр. 122/06 ), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржина на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност (Службен весник на РМ бр. 81/14), во согласност со точка 19а од Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот (Службен весник на РМ бр.47/12, 50/13, 71/14,233/15 и 218/16), како и согласно Одлука на Комисијата за хартии од вредност бр. 10-424/1 од 22.06.2018, Собранието на акционери на банката на ден 11.01.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за издавање на капитален инструмент по пат на приватна понуда (Прва емисија на Перпетуални обврзници)

**Член 1**

Се одобрува издавање на капитален инструмент - Перпетуални обврзници по пат на приватна понуда во износ од 5.000.000 ЕУР (петмилиониевра).

**Член 2**
**(Елементи на обврзницата)**

| | |
|---|---|
| 1. Фирма и седиште на издавачот | Универзална Инвестициона Банка АД Скопје<br>Ул.Максим Горки бр.6 Скопје<br>Република Македонија |
| 2. Предмет на регулирање | Издадениот капитален инструмент ќе се користи како додатен основен капитал од ниво 1 |
| 3. Начин на издавање | По пат на приватна понуда |
| 4. Вид на обврзници што се издаваат и правата што произлегуваат од нив | Некумулативни, неконвертибилни, преносливи, субординирани, необезбедени, трајни обврзници, обврзници со фиксна каматна стапка |
| 5. Количина и апоенска структура на хартиите од вредност | 5.000 обврзници со апоенска структура од 1000 евра |
| 6. Номинална вредност на хартиите од вредност што се издаваат | 1.000 ЕУР (во денарска противредност 61.495 МКД пресметано по среден курс на НБРМ на ден 10.01.2019 година - еден ден пред денот на носење на Одлуката) |
| 7. Продажна цена на хартиите од вредност | Обврзниците ќе се понудат по цена од 1.000 ЕУР – 100% (во денарска противредност 61.495 МКД пресметано по среден курс на НБРМ на ден 10.01.2019 година - еден ден пред денот на носење на Одлуката) |
| 8. Вкупна вредност на емисијата | 5.000.000 ЕУР |

| | |
|---|---|
| 9. Целта поради која се издаваат хартиите од вредност и намена на средствата од емисијата | Ќе се користи за општи корпоративни цели, односно за поддршка на кредитниот пораст. |
| 10. Податоци за гарантот | Обврзниците не се гарантирани, односно не се покриени со друг вид обезбедувања од страна на банката или лице поврзано со банката |
| 11. Серија на хартиите од вредност | Обврзниците се издаваат во една серија. |
| 12. Висина на каматната стапка, начин на пресметување и исплата на истата | Обврзниците имаат фиксна каматна стапка од 9% на годишно ниво за првите 5 години од датумот на издавање на обврзницата (датумот на регистрирање на обврзницата во ЦДХВ). Каматната стапка после тој период се зголемува за 2 процентни поени и изнесува 11% на годишно ниво.<br><br>Каматата ќе доспева за плаќање полугодишно и тоа: на датумот од изминување на 6 месеци од датумот на издавање на обврзницата и на датумот на издавање на обврзницата (датумот на регистрирање на обврзницата во ЦДХВ) секоја година.<br><br>Каматата се пресметува врз основа на конвенцијата ACT/ACT (ICMA).<br><br>Каматата ќе се преметува во евра, а ќе се исплаќа во денари по среден курс на НБРМ на денот на исплата, на трансакциските сметки на имателите на обврзницицата.<br><br>Каматната стапка не се менува врз основа на кредитниот рејтинг на Издавачот. |
| 13. Рокови на исплата на номиналната вредност на обврзниците и каматата | Обврзниците немаат рок на доспевање. |
| 14. Висина на основната главнина на издавачот и процентот на учество на емисијата на должнички хартии од вредност во основната главнина и во главнината | Основна главнина на Банката на 31.12.2017год. изнесува 545.987.000,00 денари, а номиналната вредност на обврзниците изнесува 56,32% во однос на основната главнина на Банката.<br>Главнината на Банката на 31.12.2017год. изнесува 1.713.519.882,00 денари, а номиналната вредност на обврзниците изнесува 17,95% во однос на главнината на Банката. |
| 15. Извори на средства од каде што ќе бидат отплаќани должничките хартии од вредност | Каматата се плаќа од добивката расположлива за распределба, при што плаќањето може да се |

| | |
|---|---|
| | изврши и ако добивката не е ревидирана од овластен ревизор. |
| 16. Правната положба односно субординираноста на хартијата од вредност | Обврзниците ќе претставуваат необезбедени и субординирани обврски за сите задолжувања на Издавачот, како на пример: побарувањата на штедачите, главните доверители, субординиран долг, инструментите издадени како Капитал од ниво 2 или гаранција во однос на таквите инструменти.<br><br>Обврзниците ќе бидат *pari passu* помеѓу себе и со другите инструменти на додатен основен капитал од ниво 1 на Издавачот.<br><br>Обврзниците ќе имаат приоритет во однос на акционерскиот капитал на Издавачот, вклучувајќи ги и приоритетните акции. |
| 17. Ограничувања кои ги носат хартиите од вредност, а кои служат за заштита на идните купувачи на хартиите од вредност | Не постојат ограничувања кои ги носат хартиите од вредност, односно слободно може да се тргуваат и трансферираат на секундарен пазар |
| 18. Начин, време и место на запишување на хартиите од вредност | Преку приватна понуда -Во Универзална Инвестициона Банка АД Скопје. Ул. Максим Горки бр.6 од 8 до 16 часот.<br>Издавачот ги запишува во Централен депозитар на хартии од вредност на Р.Македонија по одобрение на Комисија за хартии од вредност на Р.Македонија. |
| 19. Начин и краен рок на уплата на запишаните хартии од вредност | Уплатата ќе се изврши во денари (по среден курс на НБРМ 61.4950 на ден 10.01.2019 година - еден ден пред денот на носење на Одлуката), на сметка 240000000000126 на Банката, со назнака за повик на број 292090005.<br><br>Рок за запишување и уплата е 15 дена од конечноста на решението на Комисијата за хартии од вредност на Р.Македонија |
| 20. Начин на кој се објавува издавањето на хартиите од вредност | Соопштение за приватна понуда |
| 21. Постапка за распределба на хартиите од вредност помеѓу одделните купувачи во случај на приватна понуда | Познати купувачи на 100% од емисијата |
| 22. Идентитет на познатите купувачи како и обликот и висината на нивните вложувања | Сите информации за познатите купувачи се дадени во Прилог бр.1 кон оваа Одлука |
| 23. Преносливост на хартијата од | Издавачот за овој инструмент ќе побара прием за |

| | |
|---|---|
| вредност | котација на Македонска Берза АД Скопје |
| 24. Укинување на камата | Издавачот може по сопствено видување да одлучи да ги укине сите плаќања на камата за неопределен временски период, на некумулативна основа.<br><br>Издавачот ќе го укине плаќањето на каматите, ако Издавачот со тоа ги прекршува капиталните барања на важечките законски прописи.<br><br>Откажувањето од плаќање на каматите нема да се смета за доцнење или неисполнување на обврските или друга повреда на обврските на Издавачот.<br><br>Ако Издавачот одлучи да ги укине плаќањата на камати или му е забрането да плаќа камата во однос на Обврзниците, таквите каматни износи нема да се акумулираат или спојат и сите права и побарувања во однос на тие износи ќе бидат целосно и неотповикливо укинати и откажани.<br><br>Ако Издавачот одлучи да ги укине плаќањата на камати или му е забрането да плаќа камата во однос на Обврзниците, тоа нема да доведе до никакво ограничување на Издавачот да врши плаќања на сопствениците на други обврзници.<br><br>Во случај на намалување на вредноста, секоја пресметана и неплатена камата ќе биде укината до датумот на стапување на сила на намалувањето на вредноста. |
| 25. Куповна опција | Издавачот може, по сопствено видување, да ги купи Обврзниците по нивниот номинален износ. Куповната опција може да се искористи само со одобрение на НБРМ.<br><br>Издавачот може да го искористи тоа право по истекот на 5 години од датумот на регистрирање на обврзниците во ЦДХВ или на кој било датум потоа.<br><br>Издавачот нема да дозволи или создаде очекувања, дека НБРМ ќе издаде одобрение за откуп на Обврзниците |
| 26. Отпис | Во случај на настанување на критичен настан, |

А. Арменски

| | |
|---|---|
| | намалување на стапката на редовен основен капитал под 5,125%, се отпишува, односно се намалува вредноста на главницата на времена основа.<br><br>Отписот на инструментот се извршува на времена основа само доколку се исполнети следниве услови:<br><br>• Износот на каматата што се исплаќа по спроведениот отпис се пресметува на намалениот износ на главницата на инструментот;<br>• Може да се изврши зголемување на главницата на инструментот само од добивката по оданочување, потврдена од собранието на банката;<br>• Банката има целосна дискреција при одлучувањето за зголемување на главницата на инструментот или за исплата на надоместок на намалениот износ на главница;<br>• Зголемувањето на главницата на инструментот се врши пропорционално на сите инструментот коишто биле предмет на отпис на времена основа;<br>• Максималниот износ на зголемување на главницата на инструментот заедно со износот на надоместокот којшто се плаќа на намалениот износ на главница се утврдува на датумот на зголемувањето на главницата на овој инструментот и е еднаков на производот од добивката по оданочување и учеството на номиналниот износ (пред да се изврши отписот) на инструментот кои што биле предмет на отпис на времена основа и вкупниот износ на основниот капитал на банката;<br>• Зголемениот износ на главницата на инструментот и износот на надоместокот којшто се плаќа на намалениот износ на главница го намалуваат износот на редовниот основен капитал и го намалуваат максималниот износ за распределба на резултатот од работењето на банките<br><br>Намалувањето на вредноста на инструментот се однесува на :<br>- Побарувањата коишто би ги имал имателот на инструментот во случај на |

| | |
|---|---|
| | стечај или ликвидација на банката<br>- Износот којшто треба да се плати во случај на активирање на опцијата за отповикување или исплата на инструментот и<br>- Каматата на инструментот. |
| 27. Апсорпција на загуба | Ако, во кое било време, соодносот на основната главнина и капиталот од ниво 1 на Издавачот се спушти под 5.125 % (критичен настан), Издавачот е должен:<br>1. Веднаш да ја извести Народната банка<br>2. Да ги извести сопствениците на Обврзниците; и<br>3. Да го намали износот на номиналната вредност на Обврзниците во рок од 30 дена од датумот на кој настапил критичниот настан.<br>Износот на намалување на вредноста не може да биде помал од понискиот износ помеѓу:<br>1. Потребниот износ за постигнување на соодност на основната главнина и капиталот од ниво 1 од 5.125% и<br>2. Вкупниот номинален износ на обврзниците. |
| 28. Механизми за зголемување на вредноста | Издавачот има дискреционо право да ја зголеми номиналната вредност на обврзниците кои биле предмет на отпис по исполнување на следните услови:<br>• Зголемувањето на вредноста се заснова на добивката по оданочување, потврдена од Собранието на акционери;<br>• Износот на зголемувањето ќе биде пропорционален на сите дополнителни инструменти од ниво 1, кои биле предмет на намалување на вредноста;<br>• Максималниот износ што се припишува на зголемувањето на вредноста на обврзниците заедно со каматата на намалениот износ на номиналната вредност ќе биде еднаков на добивката по оданочување на Издавачот помножена со уделот на номиналниот износ на обврзниците (пред намалувањето на вредноста) во вкупниот Капитал од ниво 1 на Издавачот;<br>Износот на зголемувањето и каматата што се пресметува на намалениот износ на главницата го намалуваат износот на основниот капитал I и |

| | |
|---|---|
| | максималниот износ на средствата за распределба на Издавачот. |
| 29. Владеачко право | Валидноста, конструкцијата и исполнувањето на обврските во однос на овој капитален инструмент ќе подлежат на законите на РМ, а во случај на спор месно надлежен суд- Основен суд Скопје 2. |

**Член 3**

Обврзницата се регистрира во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Р.Македонија.
Правото на сопственост и правото на располагање се стекнува со денот на регистрација на обврзницата кај Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Р.Македонија.

**Член 4**

Се овластува Управниот одбор на банката да ги доуреди сите други неопходни чекори кои ќе произлезат во согласност законската и подзаконската регулатива од Законот за хартии од вредност и Законот за трговски друштва и Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот за реализација на емисијата на обврзници.
Се овластува Надзорниот одбор на банката да врши измени и дополнување на оваа Одлука доколку е тоа потребно за успешно спроведување на истата.

Арх.бр.0201/6-2

11.01.2019 година

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Прилог бр.1 кон Одлука за издавање на капитален инструмент по пат на приватна понуда

Идентитет на познатите купувачи како и обликот и висината на нивните вложувања

| Р.бр. | Име и презиме / Назив | Улица и број | Град | Држава | Количина на обврзници | Номинална вредност во ЕУР | Процентуално учество |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | First Financial Brokerage House | ул. Енос 2 кат 4 и 5, 1408 София | Софија | Бугарија | 715 | 715,000 | 14.30% |
| 2 | Зоран Трендов | Кеј на револуцијата 3/2-4 | Кочани | Македонија | 600 | 600,000 | 12.00% |
| 3 | Коста Митровски | ул. Вера Јоциќ бр. 4в | Скопје | Македонија | 350 | 350,000 | 7.00% |
| 4 | Благој Димитров | бул.Илинден бр.29/3-4 | Скопје | Македонија | 350 | 350,000 | 7.00% |
| 5 | Горан Димитров | ул. Иван Аговски бр. 10/2-3 | Скопје | Македонија | 350 | 350,000 | 7.00% |
| 6 | Друштво за производство, промет и услуги СИНЕРЏИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | ул. Орце Николов бр.133 - Д3 | Скопје | Македонија | 300 | 300,000 | 6.00% |
| 7 | Друштво за туризам и угостителство АТЛАНТИС ДООЕЛ Струмица | ул.Димитар Влахов бр.18 | Струмица | Македонија | 300 | 300,000 | 6.00% |
| 8 | КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД Скопје - Отворен инвестициски фонд КБ ПУБЛИКУМ – БАЛАНСИРАН | бул.Св.Кирил и Методиј бр.50 | Скопје | Македонија | 285 | 285,000 | 5.70% |
| 9 | Зоран Михајловиќ | ул. Епименонда Поп-Андонов 24 | Струмица | Македонија | 250 | 250,000 | 5.00% |
| 10 | Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОИВА ДОО експорт-импорт Скопје | ул. Борис Трајковски бр.143 | Скопје | Македонија | 200 | 200,000 | 4.00% |
| 11 | Сашко Дончовски | ул. Димитар Влахов бр. 18 | Струмица | Македонија | 165 | 165,000 | 3.30% |
| 12 | Коча Бошку | ул.Васил Главинов бр.3/2-1 | Скопје | Македонија | 150 | 150,000 | 3.00% |
| 13 | Борислав Несторовски | бул.Авној 20/2-8 | Скопје | Македонија | 150 | 150,000 | 3.00% |
| 14 | Русе Ильоски | ул.101 бр.6б Лешок | Тетово | Македонија | 150 | 150,000 | 3.00% |
| 15 | Друштво за трговија и услуги АИРКОН ДОО увоз-извоз Скопје | бул. Партизански Одреди бр.70-Б | Скопје | Македонија | 150 | 150,000 | 3.00% |
| 16 | Бобан Трајковски | бул. Партизански Одреди бр. 143-44 | Скопје | Македонија | 135 | 135,000 | 2.70% |
| 17 | Илирика Фунд Менаџмент АД Скопје - Инвестициски фонд Илирика Кеш Фонд | бул.Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 локал 8 | Скопје | Македонија | 100 | 100,000 | 2.00% |
| 18 | Љупчо Димитриевски | ул.Страшо Пинџур бр.12 | Куманово | Македонија | 100 | 100,000 | 2.00% |
| 19 | Друштво за производство и трговија, АРИС, Горан и Методија, ДОО увоз - извоз Куманово | ул. 3-та Македонска Ударна Бригада бр.46 | Куманово | Македонија | 100 | 100,000 | 2.00% |
| 20 | Зоран Тодоров | бул.Маршал Тито бр.12/1-12 | Струмица | Македонија | 100 | 100,000 | 2.00% |
| | | | | Вкупно | 5,000 | 5,000,000 | 100.00% |

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ